**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# ГОДИШЕН БИЛТЕН НА ЕУ НОВОСТИ

јануари - декември
2013 година
СКОПЈЕ

**Вторник, 22 јануари 2013 година**

## ЕВРОПСКА ГОДИНА НА ГРАЃАНИТЕ




На 21 ноември 2012 година беше донесена Одлука на Европскиот парламент и Советот (1093/2012/ЕУ), според која 2013 година во Европската унија беше прогласена за Европска година на граѓаните. Во текот на годината преку голем број на манифестации, настани и конференции се водеше дијалог помеѓу претставници на владини институции, граѓанското општество и бизнис секторот, за правата кои произлегуваат од европското државјанство како и со цел да се придонесе во градењето на визијата на ЕУ до 2020 година во однос на правата, политиките и владеењето.

Европската година на граѓаните се одбележа во значајно време, една година пред одржувањето на нови избори за Европскиот парламент планирани за 2014 година, во време на одбележување на дваесет годишнината од воведувањето на европското граѓанство (со стапувањето во сила на Договорот од Мастрихт во 1993 година), како и во време на економска криза кога има потреба да се поттикнат европските граѓани и да се зајакне граѓанската димензија.

Правата на граѓаните на Европската унија се содржани во Договорот за Европската унија, според кој секое лице кое е државјанин на земја-членка на ЕУ е граѓанин на Унијата. Европското граѓанство не го заменува националното државјанство туку го надополнува со права утврдени во Договорот за ЕУ:

- право на слободно движење и слободен престој на територијата на земјите-членки,
- право на глас и кандидатура на локални избори и избори за Европскиот парламент,
- право за поднесување на претставка до Европскиот парламент,
- право за обраќање до Европскиот народен правобранител,
- право на конзуларна заштита на територијата на трети земји во која земјата-членка чии што се државјани нема свое претставништво.

Во текот на годините со договорите на ЕУ и секундарното законодавство, правата на европските граѓани беа проширени. Со Договорот од Амстердам кој стапи во сила 1999 година, воведено е правото на пристап до документите на институциите на ЕУ. Со Договорот од Ница во 2003 година, зајакнати се одредбите за слободно движење и постојан престој, а со Повелбата за темелните права на ЕУ кодифицирани се основните права на граѓаните на Унијата. Еднакво правно значење како со основачките договори, даде и Лисабонскиот договор кој е во сила од декември 2009 година. Со овој договор воведени се одредби со кои се настојува да се зголеми учеството на граѓаните во демократскиот живот на Унијата. Преку воведената Европска граѓанска иницијатива, граѓаните имаат право да побараат од Европската комисија да предложи ново законодавство, преку потпишана петиција од најмалку 1 милион европски граѓани од најмалку ¼ од земјите-членки на ЕУ. Според Лисабонскиот договор, Европскиот парламент се состои од претставници на граѓаните на Унијата, со што се нагласува зголемената важност на граѓанството на ЕУ.

За повеќе информации на следниов линк: http://europa.eu/citizens-2013/

**Петок, 25 јануари 2013 година**

**ПРИОРИТЕТИ НА ИРСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

eu2013.ie

Во Програмата на Ирското претседателство со Советот на Европската унија кое го опфати периодот од 1 јануари до 30 јуни 2013 година, беа поставени законодавните активности и следните главни приоритети:

- обезбедување на стабилност;
- инвестирање во одржлив раст и вработувањата и
- Европа и светот.

За Ирското претседателство особено важно беше да се воспостават цврсти темели на економската и монетарната стабилност. Темелите беа утврдени преку последователните состаноци на Европскиот совет, особено за банкарската унија, процесот на Европскиот семестар како и  следната фаза од реформата за Економска и монетарна унија што беше утврдено на декемврискиот состанок на Европскиот совет во 2012 година.

Во фокусот на Европската унија е создавање на нови работни места и обезбедување на одржлив раст. Следната фаза од заздравувањето на Европа, мора да го вклучува Единствениот пазар на иднината, вклучително и Единствениот дигитален пазар како и да се одржи вниманието на следната генерација преку справување со невработеноста кај младата популација. Една од главните цели беше што е можно поскоро да се постигне договор за Повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ за периодот 2014-2020.

Ирското претседателство обезбеди активна поддршка на Високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика на ЕУ, на Европската служба за надворешна акција, со цел зајакнување на ефикасноста и кохерентноста на надворешната политика на Унијата, како и да се одговори на главните предизвици.

Со Лисабонскиот договор институционализирано е т.н. трио претседатество, што подразбира дека три последователни претседателства со ЕУ заеднички ќе работат на 18 месечна политичка програма. На овој начин се обезбедува високо ниво на конзистентност и координација во работата на ЕУ. Ирска беше дел од трио програмата со Литванија и Грција, која го опфаќа периодот од јануари 2013 до јуни 2014 година и истата беше презентирана на Советот за општи прашања на ЕУ одржан на 11 декември 2012 година. Една од целите на програмата е и обезбедување на континуиран моментум на агендата за проширувањето.

За повеќе информации на официјалната веб страна на Ирското претседателство со Советот на ЕУ: http://eu2013.ie/

**Четврток , 21 февруари 2013 година**

## НОВ ЕВРОПСКИ СИСТЕМ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ПРОИЗВОДИТЕ И НАДЗОР НА ПАЗАРОТ



Европската комисија предложи нови правила за подобрување на безбедноста на производите на европскиот пазар и надзор на пазарот на непрехранбени производи, вклучувајќи ги и оние кои се увезени од трети земји.

Целта на овие предлози на Европската комисија беше да не се дозволи да се пласираат небезбедни производи до потрошувачите и корисниците. Предложените мерки беа во правец да помогнат за многу кратко време да се остранат голем дел на неправилности, на пазарот на ЕУ и надвор од него. Двата законски предлога за подобрување и зајакнување на надзорот на пазарот го надополнува повеќегодишниот план за надзор на пазарот, преку обезбедување на 20 конкретни мерки кои мора да се спроведат до 2015 година. Предлозите на ЕУ се поврзани со обезбедување на мерки за подобро утврдување на потеклото на производот поради заштита на купувачите од небезбедни производи и поголема заштита на потрошувачите во Европската Унија.

Предлогот на Комисијата беше во насока да се зајакне заштитата на потрошувачите во повеќе сегменти:

- побрзо отстранување на опасните производи од пазарот на ЕУ,
- усогласување на потрошувачките правилата за безбедност и пазарен надзор во поглед на процедури за повеќето производи, со отстранување на голем број на разлики кои се направени со сегашните правила,
- појаснување на одговорностите на производителите, увозниците и дистрибутерите, каде тие ќе треба да обезбедат повеќе информации за подобро утврдување на потеклото на производот.
- подобрување на способноста на регулаторите да ги следат производите за широката потрошувачка по должината на синџирот на снабдување - што резултира во поефикасен одговор на проблемите со безбедноста,
- зајакнување на контролите, со што регулаторите полесно ќе можат да ја ограничат продажбата на потенцијално небезбедните производи или целосна забрана на истите,
- создавање на заеднички систем помеѓу Европските регулатори за полесно меѓусебно споделување информации,
- олеснување на процедурите за известување на земјите за опасни производи преку организиран систем во Европската унија кој ке опфаќа широка мрежа за известување (RAPEX & ICSMS).

Потрошувачите со овие измени ќе добијат повисоко ниво на заштита преку збир на правила, што ќе им овозможи да купуваат со поголема доверба, во било која земја на унијата. Компаниите, исто така, ќе имаат корист од овие појасни и поконзистентни правила. Ќе им биде полесно да се усогласат, трошоците ќе бидат намалени, особено кога станува збор за малите бизниси.

Подобрени производи, зајакнати безбедносни проверки и прописите за увоз ќе помогнат да се елиминира нелојалната конкуренција. Овие предлози ќе бидат ставени

пред Европскиот парламент и европските лидери заедно со планот за имплемнтација до 2015 година.

Повеќе информации на следните линкови:
http://europa.eu/rapid/press-release_IP-13-111_en.htm
http://ec.europa.eu/news/environment/130213_en.htm

**Вторник, 26 февруари 2013 година**
**ПРЕДЛОГ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ СЕКТОР**




На 14 февруари 2013 година Европската комисија усвои предлог за директива на Советот за спроведување на зајакната соработка во областа на данокот на финансиски трансакции.

Клучни цели на предлогот во областа на данокот на финансиски трансакции се:

- зајакнување на единствениот пазар преку намалување на бројот на различни национални пристапи кон оданочување на финансиските трансакции;
- обезбедување на значителен придонес во јавните приходи од страна на финансискиот сектор и
- поддрршка на регулаторни мерки за поттикнување на финансискиот сектор преку новиот данок поради вклучување во поодговорни активности, насочени кон реалната економија.

Во септември 2011 година, Комисијата го претстави предлогот за заеднички систем за оданочување на финансиските трансакции. И покрај интензивните разговори за овој предлог немаше едногласност меѓу сите земји-членки. Единаесет земји-членки на Унијата испратија писмено барање за добивање на овластување за зајакната соработка во однос на данокот на финансиските трансакции. На 23 октомври 2012 година Комисијата му предложи на Советот да одобри зајакната соработка во областа на данокот на финансиски трансакции. Европскиот парламент ја даде својата согласност за предлогот на 12 декември 2012 година и 22 јануари 2013 година. Советот на Европската унија донесе одлука со која се овластуваат единаесетте земји-членки да продолжат со зајакната соработка, за заеднички систем на оданочување на финансиските трансакции.

Минималната стапка на оданочување за дериватите ќе изнесува 0,01% и 0,1% за секоја друга трансакција, вклучувајќи купувања на акции и обврзници. Земјите-учеснички можат слободно да воведат и повисоки стапки. Како и во оригиналниот предлог, данокот на финансиски трансакции нема да важи за секојдневните финансиски активности на граѓаните и бизнисите (на пр. заеми, исплати, осигурување, депозити и сл.), со цел да се заштити реалната економија.

Проценетите приходи од данокот се движат од 30 до 35 милијарди евра годишно, а дел од нив би можеле да одат во буџетот на Унијата. Остатокот од даночните приходи ќе оди во националните буџети, за користење како и другите даночни приходи – намалување на долгот или инвестирање во раст и работни места.

Предлогот ќе биде разгледан од страна на земјите-членки, со цел негово спроведување под засилена соработка. Сите 27 земји-членки на ЕУ можат да учествуваат во дискусиите за овој предлог. Сепак, само земјите-членки кои учествуваат во зајакнатата соработка ќе имаат право на глас, а одлуката мора да се донесе едногласно пред да биде спроведена. Исто така ќе биде консултиран и Европскиот парламент.

Целосен текст на предлогот на следниов линк:
http://ec.europa.eu/taxation_customs/taxation/oher_taxes/financial_sector/index_en.htm

**Петок, 22 март 2013 година**
**СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**



Во периодот од 11 до 13 март годинава во рамките на Ирското претседателство со Советот на ЕУ, во Даблин се одржа Младинска конференција на Европската унија, каде на едно место се сретнаа младите и креаторите на политиките во ЕУ. Конференцијата претставува елемент од процесот на воспоставување на структурен дијалог, а нејзината цел беше да се обезбеди заедничка дебата и информирање за постигнатиот напредок на политиката за млади, на национално и на европско ниво.

Конференцијата обезбеди присуство на околу 150 млади луѓе и околу 100 креатори на политики од 27 земји-членки на Унијата, кои заедно ја потенцираа важноста на вработувањето и оценија дека тоа е клучно за вклученоста на младите во општеството.
Процесот на структурен дијалог воспоставен е со Резолуцијата Советот на ЕУ од 27 ноември 2009 година, за обновената рамка за соработка на полето на младите (2010-2018). Овој процес е исклучително значаен инструмент преку кој се гарантира дека мислењата и погледите на младите ќе бидат земени предвид при креирањето на политиките во ова област.

Како резултат на пошироките консултации одржани на национално ниво од страна на претставниците на земјите-членки и десетина меѓународни невладини организации таргетирани се седум тематски области кои беа опфатени на неколку заеднички работни сесии на конференцијата:

- вработување - кон социјална вклученост,
- инклузија на сите млади луѓе во образовниот процес,
- учество – еднакви права и можности за учество во општествениот живот,
- пристап до социјалната заштита,
- поддршка – социјални услуги за младите
- младински организации и социјалната вклученост и
- гаранитрање на квалитет во младинската работа за да се засили социјалната вклученост.

Министерот за екологија, заедници и локално управување, Фергус О`Довд истакна дека „Младите го потенцираат вработувањето како основа за нивна понатамошна вклученост во општеството и истакнуваат дека периодот од завршување на образованието до вработување е чувствителен период".

Младите и официјалните претставници на земјите-членки на ЕУ заедно договорија 21 приоритетни заклучоци. На крајот од 18 месечниот циклус на консултации, процесот треба да резултира со резолуција на Советот за социјална вклученост, како и со заклучоци за придонесот на квалитетната работа на младите кон развојот, социјалната заштита и социјалната вклученост на младите луѓе кои ќе бидат предложени во текот на Ирското претседателство, во мај 2013 на Советот на министрите за млади.

Тројното претседателство со ЕУ во состав Ирска, Литванија и Грција во соработка со Европската комисија и Европскиот младински форум се согласија дека темата на структурниот дијалог во периодот од 18 месеци (1 јануари 2013-30 јуни 2014) ќе биде социјалната вклученост. Младинската конференција што се одржа во Ирска е првата конференција во рамките на тројното претседателство со ЕУ на Ирска, Литванија и Грција.

За повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/youth/index_en.htm
http://www.dcya.gov.ie/viewdoc.asp?fn=/eu-presidency-2013/EU-Youth-Presidency-Events.html

**Четврток, 28 март 2013 година**
**ПОДГОТОВКИ ЗА СЛЕДНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ**



Изборите за Европскиот парламент што ќе се одржат во 2014 година ќе бидат првите избори по стапувањето во сила на Договорот од Лисабон. Со овој договор беа зајакнати демократските темели на Унијата, се зголеми улогата на граѓаните на Европската унија, преку воспоставување на солидна врска помеѓу граѓаните, остварување на нивните политички права и демократскиот живот на Унијата. Со воведување на граѓанската иницијатива, Лисабонскиот договор овозможува граѓаните на ЕУ да учествуваат подиректно и целосно во демократскиот живот во Унијата.

Граѓаните на ЕУ на ниво на Унијата директно се претставени во Европскиот парламент. Европските политички партии како интернационални актери со клучна улога во изразувањето на гласот на граѓаните на европско ниво, се во најдобра позиција да ги премостат разликите помеѓу политиките на ЕУ и граѓаните.

Со Лисабонскиот договор, на европските политички партии им се доделува мисијата да допринесат кон формирање на европската политичка свест и за изразување на волјата на граѓаните на ЕУ. Со цел на европските политички партии да им се овозможи целосно да ја остварат оваа мисија, Европската комисија во септември 2012 година усвои предлог на регулатива за статутот и финансирањето на европските политички партии и европските политички фондации.

Според предлогот, пан-европските политички партии треба да ги преземат сите соодветни мерки за информирање на граѓаните на ЕУ во врска со националните политички партии и нивните кандидати за европските политички партии во текот на изборите.

Во ЕУ на сите нивоа се одвива широк политички дијалог посветен на иднината на Европа, вклучително и серија на граѓански дијалози помеѓу европските и националните политичари и граѓаните, како дел од "2013-Европска година на граѓаните" со која се одбележува 20 годишнината од воведувањето на европското граѓанство со Договорот од Мастрихт. Во ЕУ се организираат голем број на настани, конференции и јавни дебати, на национално, регионално и на локално ниво. Сите настани имаат за цел да се подигне свеста на граѓаните на ЕУ за нивните права, вклучително и правото да учествуваат во демократскиот живот на Унијата.

Во поглед на изборите за Европскиот парламент што ќе се одржат во 2014 година, Европската комисија ги охрабрува граѓаните во што поголем број да го дадат својот глас. Недостатокот на информации е една од главните причини за слаб одзив на гласачите.

Според испитувањето на Евробарометарот за избирачките права објавено во март 2013 година и спроведено меѓу граѓани од сите земји-членки на Унијата: 84% од граѓаните на ЕУ сметаат дека ќе има поголема излезност на гласачите доколку истите имаат повеќе информации за изборите за ЕП, за влијанието на ЕУ врз секојдневниот живот како и за програмите и целите на кандидатите и политичките партии во ЕП; околу 73% од анкетираните сметаат дека одзивот на гласачите ќе биде поголем доколку имаат повеќе информации во текот на кампањата за поврзаноста на кандидатите со европските политички партии и 62% сметаат дека одзивот ќе биде поголем доколку изборите во цела ЕУ се одржуваат во ист ден.

Во поглед на изборите за Европскиот парламент што ќе се одржат во 2014 година, Европската комисија смета дека:

- гласачите треба да бидат информирани за поврзаноста меѓу националните партии и европските политички партии, пред и за време на изборите за Европскиот парламент;
- земјите-членки треба да се согласат за заеднички ден за избори на Европскиот парламент, со затворање на избирачките места во исто време;
- секоја европска политичка партија треба да номинира кандидат за претседател на Европската комисија;
- националните партии треба да обезбедат дека нивните политички емитувања за изборите за Европскиот парламент ги информираат граѓаните за кандидатот што го поддржуваат за претседател на Европската комисија како и за програмата на кандидатот.

Земјите-членки на ЕУ треба да ги спроведат препораките на Европската комисија пред одржувањето на изборите во 2014 година.

Повеќе информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/news/eu_explained/130313_en.htm

**Понеделник, 13 мај 2013 година**
**НОВИ МЕРКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ПОБЕЗБЕДНА ХРАНА**




Безбедноста на храната е од суштинско значање за обезбедување на довербата на потрошувачите и одржливост на производството на храна. Европската комисија на 6 мај 2013 година усвои пакет на нови мерки за зајакнување на спроведувањето на здравствените и безбедносните стандарди за целиот земјоделско-прехранбен синџир. Новите мерки се во насока на обезбедување на поедноставен пристап за заштита на здравјето како и поефикасни алатки за контрола со цел ефикасна примена на правилата за дејствување на синџирот на исхрана.

Новите мерки се одговор на повикот за поедноставување на законодавството и воспоставување поефикасна регулатива за намалување на административните трошоци на операторите. Со реформскиот пакет, ЕУ законодавството кое го уредува синџирот на исхрана од 70 делови на законодавство ќе се намали на 5 дела; ќе се намалат административните процедури за земјоделците и операторите во прехрамбената индустрија: производители, преработувачи и дистрибутери; ќе се воведат поефикасни мерки за финансирање и зајакнување на контролите и за искоренување на болестите кај животните и растенијата.

Потрошувачите ќе имаат бенефит од побезбедни производи и поефикассен и потранспарентен систем на контрола. Посебно внимание во новите мерки е посветено на влијанието на регулативата врз средните и мали претпријатија.

Главните елементи на предлогот на Европската комисија се однесуваат на:

- *службените контроли* - зајакнување на расположивите инструменти на надлежните органи во земјите-членки за проверка на усогласеноста со правото на ЕУ преку контроли, инспекции и тестови. Од земјите-членки ќе биде побарано во нивните национални планови за контрола целосно да интегрираат проверки за заштита од измами како и да обезбедат соодветни износи на парични казни за прекршоците;
- *здравјето на животните* - со пакетот на мерки се предлага воведување на единствен дел на законодавство за регулирање на здравјето на животните во ЕУ врз основа на принципот "превенцијата е подобра од лекувањето". Со предлогот се воведува категоризација на болестите кои бараат интервенција на ниво на ЕУ. Новата регулатива треба да биде пофлексибилна со цел да обезбеди ефикасен одговор на целата територија на ЕУ во случај на значајни климатски промени и за справување со нови или непознати ризици;
- *здравјето на растенијата* - европското земјоделство, шумите и природното наследство се загрозени од разни видови на штетници и болести кои ги напаѓаат растенијата, појавата на нови видови е зголемена како резултат на глобализацијата на трговијата и климатските промени;
- *растителен репродуктивен материјал вклучително и семиња* - околу 60% од вредноста на извозот во светот потекнува од ЕУ. Пакетот на мерки предвидува поедноставени и флексибилни правила за продажбата на семето и друг растителен репродуктивен материјал со цел да се обезбеди продуктивност, приспособување и разновидност во производството на култури и шумите во ЕУ.

Пакетот на мерки на Европската комисија ќе биде разгледан од страна на Европскиот парламент и Советот. Очекувањата се дека новите мерки ќе влезат во сила во 2016 година.

Информации од следните ЕУ линкови:
http://ec.europa.eu/dgs/health_consumer/index_en.htm
http://ec.europa.eu/dgs/health_consumer/animal-plant-health-package

**Вторник, 21 мај 2013 година**
**ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЗЕЛЕНА ИНФРАСТРУКТУРА**



Европската комисија на 6 мај 2013 година усвои нова стратегија за поттикнување на користењето на зелената инфраструктура. Овој вид на инфраструктура претставува проверена алатка која ја користи природата за обезбедување на еколошки, економски и социјални бенефиции. На пример, наместо да се гради инфраструктура за заштита од поплави, со зелено инфраструктурно решение може да се овозможи природните мочуришта да го апсорбираат вишокот на вода од обилните дождови.

Европските предели се менуваат значително и секојдневно, како резултат на промените, поделбата и зголемување на користењето на земјиштето. Урбаната експанзија, изградбата на патна и енергетска инфраструктура ги деградираат значајните екосистеми, влијаат на нивните живеалишта и видови, со што се намалуваат просторните и функционални врски на пределите. Од аспект на здравствените и еколошки придобивки, зелената инфраструктура има повеќе социјални предности: се креираат работни места, градовите стануваат попривлечни места за живеење и за работа.

Во фокусот на новата стратегија е:

- промовирање на зелена инфраструктура во главните области и политики: земјоделството, шумарството, природата, водата, климатските промени, транспортот, енергијата, регионалната и кохезиона политика, политиките на превенција од катастрофи и користење на земјиштето. Комисијата, до крајот на 2013 година, ќе изгради насоки за тоа како зелената инфраструктура може да се интегрира во спроведувањето на политиките за периодот 2014-2020 година;
- подобрување на истражувањата и податоците, промовирање на иновативни технологии кои ја поддржуваат зелената инфраструктура;
- подобрување на пристапот до финансии за зелени инфраструктурни проекти и
- поддршка на зелените инвестициски проекти на ЕУ - до крајот на 2015 година Комисијата ќе спроведе студија за проценка на можностите за развивање на широка ЕУ мрежа на зелена инфраструктура.

Европската комисија до крајот на 2017 година, ќе го разгледа напредокот и развојот на зелената инфраструктура и ќе презентира извештај за научените лекции, како и препораки за идните чекори.

Информации од следните линкови:
http://europa.eu/rapid/press-release_IP-13-404_en.htm
http://ec.europa.eu/environment/nature/ecosystems/index_en.htm

**Петок, 28 јуни 2013 година**

## ПОСТИГНАТ ПОЛИТИЧКИ ДОГОВОР ЗА ПОВЕЌЕГОДИШНАТА ФИНАНСИСКА РАМКА НА ЕУ (2014-2020)




На 27 јуни 2013 година во Брисел меѓу Европскиот парламент, Советот на ЕУ и Европската комисија беше постигнат политички договор за идниот седумгодишен буџет на Европската унија. По повеќемесечни преговори кои се одвиваа помеѓу институциите на ЕУ, со политичкиот договор постигнат во рамките на Ирското претседателство со Советот на ЕУ, се создадоа услови буџетот формално да биде поднесен за одобрување од Европскиот парламент и Советот. Во текот на преговорите повеќе од земјите-членки бараа намалување на буџетот на ЕУ, додека Европскиот парламент и Комисијата беа со став дека поголем буџет ќе го поддржи економското закрепнување на Унијата.

Повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ претставува план за трошење на средствата за следните седум години. За определените приоритети на ЕУ предвидени се конкретни финансиски рокови, се ограничуваат трошоците во точно определени периоди, се дефинираат максимални износи кои се на располагање за секоја голема категорија на расходи. Планот обезбедува политичка и буџетска рамка во фокусот на потребните ресурси и инвестиции. Покрај усвојувањето на Повеќегодишната финансиска рамка за периодот 2014-2020, беше планирано усвојување на околу 75 законодавни акти.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/budget/mff/index_en.cfm

**Понеделник, 01 јули 2013 година**

## ЛИТВАНИЈА ГО ПРЕЗЕДЕ ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Литванија на 1 јули 2013 година го презеде шестмесечното претседателство со Советот на ЕУ, во период кога беа потребни неодложни решенија за да се обезбеди економски раст и безбедност во Европа. Литванија е земја со 3,2 милиони жители која пристапи во ЕУ во 2004 година и сеуште не е членка на евро зоната.

Граѓаните на сите 28 земји-членки на ЕУ очекуваат политичка волја и согласност од сите европски лидери за важните прашања како и конкретни активности. Меѓу земјите-членки потребна е поблиска соработка повеќе од кога било со цел да се обезбеди раст, создавање на работни места и подобра конкурентност.

Во фокусот на претседателството беа следните три приоритети:

- *Кредибилна Европа*
  Литванското претседателство се стремеше да се оствари напредок во јавните финансии во ЕУ и зајакнување на основите на финансиската стабилност потребни за целосно враќање на економскиот кредибилитет на Унијата.

Напорите на претседателството беа насочени кон натамошен развој на рамката за банкарска унија и други законски предлози во областа на реформите во финансискиот пазар. Клучна задача беше спроведување и унапредување на договорените реформи, вклучително и економското управување и зајакнување на економската и монетарната Унија.

- *Раст во Европа*
  Литванското претседателство се базираше на агендата Европа 2020 и Европскиот семестар, посилна политика за Единствениот пазар и ефикасно спроведување на договорот за раст и работни места. Во фокусот беше натамошно продлабочување и интегрирање на Единствениот пазар како главна движечка сила за економскиот раст и подобри можности за вработување. Претседателството даде приоритет на иницијативите кои ќе придонесат за зголемување на довербата во економијата на ЕУ и ќе резултираат со динамичен единствен дигитален пазар. Претседателството посвети силно внимание на истражувањата и иновациите, настојуваше да ги следи обврските на ЕУ за финализирање на Внатрешниот енергетски пазар до 2014 година.

- *Отворена Европа*
  Литванското претседателство превзеде чекори за зајакнување на ЕУ како глобален модел на отвореност и безбедност. Претседателството се фокусираше на поблиска интеграција на ЕУ и нејзините источни партнери. Литванското претседателство продолжи да го следи процесот на проширување на ЕУ како и подобра координација во надворешната димензија на енергетската политика на ЕУ. Претседателството ја промовираше слободната трговија со стратешките партнери: САД, Јапонија, Канада и др. Претседателството превзеде напори за зајакнување на Заедничката безбедносна и одбранбена политика преку посилна соработка со партнерите како и подобар одговор на новите безбедносни предизвици.

Повеќе информации на следниот линк:
http://www.eu2013.lt/en/

**Среда, 03 јули 2013 година**

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОБРЗА СОЦИЈАЛНА И ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ

Европската комисија на 26 јуни 2013 година објави извештај во кој беше нотирана потребата земјите-членки на Европската унија да обезбедат подобро спроведување на националните стратегии за интеграција на Ромите. Европската комисија ги повика земјите-членки да ги исполнат обврските за да обезбедат еднаквост како и да превземат поголеми напори за подобрување на економската и социјалната интеграција на Ромите во Европа. Интеграцијата на Ромите е во интерес на земјите-членки, особено за оние со големо ромско малцинство.

Во Извештајот за напредокот, Комисијата нотираше дека многу од земјите-членки веќе имаат воспоставено механизми за подобра координација на напорите за интеграција на Ромите и за зајакнување на дијалогот со локалните и регионалните власти. Извештајот

забележува дека повеќето од земјите-членки не доделуваат доволно средства од националните буџети за имплементација на стратегиите, како и дека државните власти треба да направат повеќе во борбата против дискриминацијата и да ги објаснат општествените и економските придобивки од интеграцијата на Ромите.

Во Извештајот на Комисијата содржани се предлози и препораки до земјите-членки, за превземање на конкретни мерки како и хоризонтални политички мерки вклучително и локални акции за подобрување на состојбата на Ромската популација. Земјите-членки во период од  две години треба да ги применат мерките во пракса.

Предлогот на Комисијата претставува прв правен инструмент на ЕУ за вклучување на Ромите, со што се зајакнува рамката на ЕУ во однос на националните стратегии за интеграција на Ромите прифатени од сите земји-членки во 2011 година. Препораките се фокусираат на четири области: пристап до образование, вработување, здравствена заштита и сместување.

Со предложената препорака се сугерира земјите-членки да предвидат доволно средства за националните и локалните стратегии и акциски планови за вклучување на Ромите. Финансирањето се олеснува и преку доделување на дел од ресурсите од кохезионата политика на ЕУ за инвестирање во луѓето, преку Европскиот социјален фонд и распределба на најмалку 20% од сумата за секоја земја-членка, за социјална инклузија. Се нотира на потребата за зајакнување на капацитетите на локалните власти и граѓанските организации за да се обезбеди ефективна имплементација.

Предлогот на Комисијата прво треба да биде едногласно усвоен во Советот од страна на земјите-членки како и да добие согласност од Европскиот парламент. Комисијата и во иднина ќе продолжи да го оценува напредокот преку годишен извештај.

За дополнителни информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/justice/newsroom/discrimination/news/130626_en.htm
http://ec.europa.eu/roma

**Среда, 18 септември 2013 година**
## ГОЛЕМ ИСЧЕКОР ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ



Европската комисија, на 11 септември 2013 година усвои план за реформа на пазарот на телекомуникации, кој вклучува пакет на закони за намалување на трошоците на корисниците и голем број на нови права за корисниците и давателите на услуги. Телекомуникацискиот сектор сочинува само 9% од Европската дигитална економија, сите сектори сè повеќе зависат од меѓусебната поврзаност, потребата да бидат глобално конкурентни и да обезбедуваат услуги.

Преземените реформи во оваа област помогнаа да се трансформира начинот на кој се испорачуваат телекомуникациските услуги во Европската унија. Секторот сè уште работи врз основа на 28 национални пазари, не постои единствена компанија за

телекомуникации која работи низ цела ЕУ. Операторите и клиентите се соочуваат со различни цени и правила.

Главните елементи на пакетот на закони се:

- поедноставување на правилата на ЕУ за телекомуникациските оператори - едно одобрение за работа во сите 28 земји-членки;
- укинување на премиите за роаминг - трошоците за дојдовен повик додека се патува во ЕУ ќе бидат забранети од 1 јули 2014 година;
- без трошоци за меѓународен повик во рамките на Европа - актуелниот предлог би значел дека компаниите не ќе можат да наплатат повеќе за повик во фиксната мрежа во рамките на ЕУ, отколку што наплаќаат за национален повик во рамките на една држава. За мобилни интра-повици во ЕУ, цената не може да биде повисока од 0,19 € во минута (плус ДДВ);
- правна заштита за отворен интернет - забрана на блокирање и закочување на интернет содржината, со што се дава пристап на корисниците до целосна и отворена интернет содржина без оглед на цената или брзината дефинирана во претплатата. Потрошувачите ќе имаат право да проверат дали брзината на интернетот е онаа за која плаќаат, при што се дава можност за раскинување на договорот доколку обврските не се исполнети;
- нови усогласени права на потрошувачите низ цела Европа - нови права како што е правото на склучување договори на едноставен јазик, поголеми права при преминување од еден на друг провајдер или договор, правото на склучување и на 12 месечен договор, право пораките од една и-мејл адреса да бидат препратени на новата и-мејл адреса при преминување од еден на друг интернет провајдер;
- координиран спектар на доделување - ова ќе обезбеди користење повеќе 4G мобилен пристап и Wi-Fi. Мобилните оператори ќе можат да развијат поефикасни планови за инвестиции и преку границите; и
- поголема сигурност на инвеститорите - препораката за методологијата на чинење и недискриминација е вториот елемент на овој пакет, има за цел да ја зголеми сигурноста за инвеститорите, да го зголемат нивото на инвестиции и да се намалат разликите помеѓу регулаторите.

За повеќе информации на следните линкови:
https://ec.europa.eu/digital-agenda/en/news/commission-adopts-regulatory-proposals-connected-continent
https://ec.europa.eu/digital-agenda/en/telecoms-and-internet

**Петок, 20 септември 2013 година**

## ИНФОРМАТИВНА КАМПАЊА ЗА ИЗБОРИТЕ ЗА НОВИОТ ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ



Со почеток на информативната кампања започнаа официјалните подготовки за изборите за Европскиот парламент што ќе се одржат во мај 2014 година. Кампањата ќе се одвива во четири фази:

- на 10 септември 2013 година започна првата фаза со претставување на слоганот „дејствувај, избирај, влијаи“, кој има за цел да ги објасни новите овластувања на

Европскиот парламент и импликациите од истите за граѓаните на ЕУ.
- во текот на октомври 2013 година до февруари 2014 се спроведува втората фаза од кампањата, акцентот ќе биде ставен на пет клучни теми: економијата, работните места, квалитетот на животот, финансиите и местото на ЕУ во светот. Во оваа фаза ќе бидат организирани и различни интерактивни настани во европските градови.
- изборната кампања или третата фаза, ќе започне во февруари 2014 година и ќе биде фокусирана на изборите кои ќе се одржат од 22 до 25 мај 2014.
- по завршување на изборите, финалната фаза од кампањата ќе биде посветена на новоизбраниот Европски парламент како и на изборот на идниот претседател на Европската комисија и инагурацијата на новиот состав на Европската комисија.

Информации од следниов линк:
http://www.europarl.europa.eu/news/en/news-room/content/20130906IPR18827/html/European-Parliament-launches-information-campaign-towards-2014-elections

**Четврток, 26 септември 2013 година**
**ОДБЕЛЕЖАН ЕВРОПСКИОТ ДЕН НА СОРАБОТКА**

Во текот на септември 2013 година во 30 земји од Европа беше одбележан Европскиот ден на територијална соработка со организирање на околу 140 различни настани: филмски фестивали, регионални здравствени форуми, обуки и семинари за остварување на соработка, саеми, изложби и презентации, дебати посветени на образованието, натпревари во фотографија и др настани.

Европската територијална соработка претставува суштинска цел на регионалната политика на Европската унија. Регионите и градовите од земјите-членки на ЕУ се охрабруваат да работат заеднички и преку заеднички програми, проекти и мрежи да споделуваат искуства едни со други. Територијалната соработка не влијае единствено на земјите-членки на ЕУ, исто така ги вклучува и земјите соседи на Унијата. За олеснување на соработката Европската унија има развиено три главни инструменти: за европска територијална соработка, инструментот за предпристапна помош и инструментот за европско соседство и партнерство.

Територијалната соработка за периодот 2007-2013 година се остварува преку:
- 53 програми за прекугранична соработка во внатрешните граници на ЕУ;
- 13 интернационални програми за соработка кои опфаќаат поголеми области на соработка, пр. макро-регионални стратегии за Дунав и Балтичкото море;
- меѓурегионална програма за соработка (INTERREG IVC) и 3 програми за вмрежување (URBACT II, INTERACT II и ESPON) за сите земји-членки на ЕУ, кои обезбедуваат рамка за размена на искуства меѓу регионалните и локалните тела во земјите.

Доколку договорот за регионалната политика на ЕУ за периодот 2014-2020 година биде одобрен од Европскиот парламент и Советот, буџетот ќе се зголеми, а во рамките на новите реформи на регионалната политика кои се во финална фаза на преговори,

програмите за европскатата територијална соработка ќе бидат во фокусот на инвестициите и создавање на вистински услови за иден раст.

Значаен момент од годинешната прослава беше лансирањето на иновативни мобилни апликации за оперативните системи IOS и андроид кои овозможуват корисниците да ги следат сите настани и новости во врска со кампањата, како и директно да учествуваат во истата.

Кампањата за одбележување на Европскиот ден на соработка беше координирана од програмата INTERACT поддржана од страна на Европската комисија, Европскиот парламент и Комитетот на регионите.

За повеќе информации на следниве линкови:
http://www.ecday.eu/
http://www.territorialcooperation.eu/keep/
http://ec.europa.eu/regional_policy/cooperate/cooperation/index_en.cfm

**Вторник, 12 ноември 2013 година**
**ПРЕДЛОЗИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА**



Европската комисија на 02 октомври 2013 година усвои Комуникација за социјалната димензија на Економската и монетарна унија, која го следи планот на Комисијата (IP/12/1272) објавен во ноември 2012 година. Комуникацијата претставува одговор на барањето од Европскиот совет од минатата година, да се презентираат можни мерки за социјалната димензија на ЕМУ, вклучително и социјалниот дијалог.

Документот на Комисијата се фокусира на три области:
- зајакнување на надзорот на вработеноста и социјалните предизвици и зајакнување на координацијата на политиките во рамките на Европскиот семестар;
- подобрување на солидарноста и зајакнување на мобилноста на трудот и
- зајакнување на социјалниот дијалог.

Со Европскиот семестар предвиден е годишен календар и правила за следење и координација на економските политики, додека Европската стратегија 2020 ги содржи клучните социјални цели и целите за вработување за земјите членки на ЕУ, за следната декада.

Комисијата предложи за периодот 2014-2020 година, земјите-членки да одвојат најмалку 20% од нивниот дел од Европскиот социјален фонд, со цел промоција на социјалното вклучување и борбата против сиромаштијата. Сеуште постои простор за подобра консултација со социјалните партнери за клучните чекори во процесот на донесување на одлуки во рамките на Европскиот семестар.

Комисијата ќе се заложи да обезбеди средби со социјалните партнери во ЕУ, да организира дебати, да одржи технички подготвителни состаноци пред трипартитниот социјален самит кој треба да се одржи во март следната година, како и да организира средби на високо ниво.

Европскиот совет во јуни 2013 година ја нагласи потребата за обезбедување на подобра координација на социјалните политики и вработеноста и ја истакна улогата на социјалните партнери и социјалниот дијалог.

За дополнителни информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=89&newsId=1979&furtherNews=yes
http://ec.europa.eu/commission_2010-2014/president/

**Среда, 20 ноември 2013 година**
**ЕКОНОМСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА**




Европската комисија на 13 ноември 2013 година го презентираше годишниот преглед на раст, со што беше означен почетокот на четвртиот Европски семестар.

Европскиот семестар претставува главен инструмент на новото економско управување во ЕУ, усвоен за прв пат во 2010 година. Овој годишен циклус претставува координација на економските политики на ниво на ЕУ и вклучува неколку фази за подобрување на економскиот и буџетскиот надзор, како и препораки до земјите членки во однос на нивните економски и фискални политики.
Годишниот преглед на раст ги поставува општите економски приоритети кои земјите-членки треба да ги следат при изготвувањето на нивните буџети и планови за реформи за следната година. Во прилог на Годишниот преглед на раст се вклучени повеќе документи: Предлог-заеднички извештај за вработеноста, како и работен документ за имплементацијата на специфичните препораки кај земјите-членки. Извештајот за механизмот за предупредување содржи објективна анализа на економиите на земјите-членки заснована на показатели со кои се мери внатрешната и надворешната конкурентност. Во Извештајот за интеграција на Единствениот пазар претставена е анализа на состојбите во однос на интеграцијата на Единствениот пазар во областите со најголем потенцијал на раст.

Комисијата во текот на годината врши проверка на напредокот во спроведувањето на приоритетите и реформите, при што се става акцент на еврозоната и земјите членки со фискални или финансиски потешкотии.

За подетални информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/europe2020/making-it-happen/annual-growth-surveys/index_en.htm

**Вторник, 10 декември 2013 година**
**ФОРУМ ЗА ИНОВАЦИИ - ВИЛНУС 2013**

Во рамките на Литванското претседателство со Советот на Европската унија, од 4 до 6 декември 2013 година, во Вилнус се одржа првиот форум посветен на иновациите, во организација на литванското Министерство за економија и Агенцијата за наука, иновации и технологија. Целта на организирањето на овој меѓународен настан беше да се создаде платформа за дискусија на високо ниво, посветена на иновациите, најдобрите практики и влијанието врз економскиот раст на ЕУ. Повеќе од 600 учесници на форумот дискутираа за важноста на иновациите за европската економија.
Првиот ден на форумот беше посветен на претприемништвото и жените-иноватори како и на дискусии за придонесот и учество на жените во бизнисот, науката и технолошкиот развој, додека во фокусот на вториот ден беа еко-иновациите, развивање на иновативни екосистеми, јавно-приватното партнерство, иновативни мерки во малите региони и др.

На форумот за иновации во Вилнус беше презентирана европската програма „Хоризонт 2020“ за истражување и иновации. Советот на ЕУ на 3 декември годинава ја усвои програмата „Хоризонт 2020“ за периодот 2014-2020 година. Со оваа програма се заменува досегашната Седма рамковна програма за истражување која завршува на крајот од 2013 година. Буџетот на програмата „Хоризонт 2020“ се очекува да достигне до 80 милијарди евра.

Во фокусот на програмата се три приоритети:

- генерирање на врвна наука со цел обезбедување на поконкурентен европски систем за истражување и иновации;
- поттикнување на индустриското раководење заради забрзување на развојот на техологиите;
- справување со општествените предизвици со цел да се одговори на предизвиците од стратегијата Европа 2020.

За првата област од програмата ќе бидат издвоени околу 25 милијарди евра, за поддршка за мобилност и развој на истражувачите, истражувачката инфраструктура и за нови технологии.

Во областа на индустриското раководење се издвојуваат околу 18 милијарди евра, за технологии со „високо-влијание“(ИКТ, нанотехнологија, биотехнологија, производства на иднината и вселенска технологија), за истражување и развој на нови производи за унапредување на финансиските инструменти и иновации за зајакнување на капацитетите на малите и средни претпријатија.

Третата област од програмата е посветена на најголемите социјални предизвици: климатските промени, одржлив транспорт, обновливи извори на енергија, безбедноста на храната и општествените и социјалните проблеми, за кои области ќе бидат наменети околу 31 милијарди евра.

Учесниците на првиот форум за иновации усвоија заедничка Декларација во која се содржани десет главни принципи за креирање на европската политика на иновации. Во

Декларацијата се нагласува важноста земјите-членки да продолжат да ги зголемуваат инвестициите во истражувањето и иновациите, како и да продолжат со напорите за создавање на заеднички европски иновативен екосистем. Декларацијата ќе биде доставена до Европската комисија.

За повеќе информации на следните линкови:
www.vif2013.com
http://vif2013.com/main-principles-for-shaping-european-innovation-policy
http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/intm/139875.pdf

**Вторник, 24 декември 2013 година**
**НОВ ПАКЕТ НА ПОЛИТИКИ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**



Чистиот воздух е од суштинско значење за здравјето на луѓето и за здрава животна средина. Квалитетот на воздухот значително е влошен како резултат на индустриската револуција, согорувањето на фосилните горива, производството на енергија и енормниот пораст на сообраќајот на патиштата. Загадениот воздух влијае на квалитетот на животот, на здравјето, доведува до појава на астма и респираторни проблеми кај населението.

Европската унија во изминатите декади има превземено активни политики за подобрување на квалитетот на воздухот: преку контрола на емисиите на штетни материи во атмосферата, подобрување на квалитетот на горивата и интегрирање на поставените барања за заштита на животната средина во енергетскиот сектор и транспортот. Во земјите од ЕУ, и покрај тоа што во изминатите години значително се намалија штетните емисиите во воздухот, сепак нивната концентрацијата сеуште е многу висока, особено во градските средини.

Европската комисија спроведе детален преглед на постојните ЕУ политики за воздухот за периодот 2011-2013 година. Во моментот повеќе од 1/3 од управуваните зони за квалитет на воздухот во ЕУ, ги надминуваат граничните вредности на честичките ПМ10, и ¼ на азот диоксид (СО2). Врз основа на заклучоците од прегледот, на 18 декември годинава Комисијата усвои нов пакет на политички мерки до 2030 година со цел надградување на постојното законодавство, натамошно намалување на штетните гасови од индустријата, сообраќајот, енергетските централи и земјоделството, и за намалување на влијанието врз здравјето на луѓето и животната средина.

Пакетот на политики за чист воздух за Европа содржи повеќе елементи:

- Програма за чист воздух за Европа со мерки кои ќе обезбедат исполнување на зацртаните краткорочни цели како и нови цели за квалитетен воздух до 2030;
- Предлог на директива за намалување на емисиите на одредени атмосферски загадувачи и за измена на Директивата 2003/35/ЕЗ;
- Предлог на директива за ограничување на емисиите на определени загадувачи на воздухот од постројки со согорување од среден обем и
- Предлог-одлука на Советот за прифаќање на амандманот од 1999 година на Протоколот кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на

воздухот за намалување на киселоста, еутрофикацијата и нивото на озон од 1979 година.

Пакетот на политики за чист воздух содржи и мерки за активно вклучување на земјоделскиот сектор со намалување на емисиите на амонијак до 27%, широк спектар на нерегулаторни мерки за поддршка на спроведувањето на политиките и промоција на иновациите и истражувањата. Со цел да се олесни спроведувањето и координацијата на новата стратегија, Европската комисија ќе формира Форум за чист воздух. Напредокот во остварувањето на целите и спроведувањето на инструментите ќе се разгледува на секои пет години.

Информации од следните линкови:
http://ec.europa.eu/environment/air/clean_air_policy.htm
http://ec.europa.eu/environment/air/quality/index.htm
http://www.eea.europa.eu/themes/air

**Четврток, 26 декември 2013 година**

**РЕЗУЛТАТИ ОД ЛИТВАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

На последниот состанок на Европскиот совет што се одржа на 19 и 20 декември 2013 година, претседателот на Литванија г-ѓа Далија Грибаоскаите ги презентираше резултатите од претседателството на Литванија со Советот на ЕУ.

www.eu2013.lt

Во текот на шестмесечното претседателство, Литванија постигна договор за голем број на акти, усвоени се 251 документи значајни за иднината на Унијата како и остварен е напредок во преговорите за 114 иницијативи.

Најзначајното достигнување на Литванското претседателство е завршувањето на преговорите за 59 програми кои се суштински за спроведување на Повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ. Сите земји-членки на Унијата, од следната година ќе имаат пристап до поддршката на ЕУ, за реализација на проекти со цел зголемување на националниот економски раст и благосостојбата на граѓаните.

Во фокусот на Литванското претседателство со ЕУ беше и справувањето со невработеноста на младите. Во новиот повеќегодишен буџет на ЕУ определени се средства за спроведување на иницијативата за сигурност на младите. Во текот на претседателството беа донесени одлуки за подобрување на европската енергетска безбедност и конкурентноста.

Постигнатиот договор на земјите-членки на ЕУ, за резолуцијата за единствениот механизам, банкарско заздравување и директивата за шемите на гаранциите на депозитите ќе овозможат ефикасно реструктуирање на несолвентните банки, ќе обезбедат инструменти за финансиска помош, заштита на депозитите и враќање на довербата на глобалните пазари во Унијата.

Во текот на претседателството, напредуваа преговорите за слободна трговија со стратешките партнери. Беа започнати преговори со Соединетите Американски Држави,

а со Канада беа завршени, како и добиен мандат за преговори за заштита на инвестициите со Кина.

Резултатите на Литванското претседателство со Советот на ЕУ исто така беа презентирани на 17 и 18 декември годинава пред седум комитети во Европскиот парламент во Брисел, од страна на шест министри во Владата на Литванија.

Во текот на шестмесечното претседателство Литанија ја посетиле над 30.000 странски гости, околу 1800 новинари од целиот свет известувале за настаните на претседателството. Во повеќе европски држави биле одржани околу 500 културни настани за Литванија.

Повеќе информации на следните линкови:
http://www.eu2013.lt/en/
http://www.eu2013.lt/en/news/pressreleases/lithuania-has-justified-europes-trust
http://www.eu2013.lt/en/news/pressreleases/results-of-the-lithuanian-presidency-in-the-committees-of-the-european-parliament